## *Д Д В*

***дипл.економист: Ромео Костадинов***

# ПОВРАТ НА ДДВ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ДДВ

*Повратот на ДДВ на физичките лица, пропишан со посебен закон и последните измени извршени во Законот за ДДВ, донесоа нови погодности за правните и физичките лица – учесници во прометот.*

### *ВОВЕД*

Долго најавуваниот законски акт со кој се определува враќање на ДДВ на физички лица – учесници во прометот, е во сетот ново донесени законски акти во месец јуни 2019 година.

Правото на учество во потрошувачката, во делот на фискалното зафаќање на прометот извршен на територија на Македонија, државата пренесува и на физичките лица, кои биле директни учесници во прометот, остварен преку фискален систем на евиденција на прометот.

Недостатокот на подзаконските акти, кои требаше да го регулираат начинот на вршењето на повратот на ДДВ на физичките лица, особено околу сторнираните фискални сметки и нивната евиденција, ја обременуваат постапката пропишана согласно законската регулатива.

Генералниот впечаток дека предвремено е донесен законот без соодветна подзаконска регулатива, останува, но ја нагласуваме и заложбата за решавање со "мерки во од".

Со одредбите од Законот за враќање на ДДВ на физичките лица (“Службен весник на СРМ” 133/19), се определуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на враќање на дел од ДДВ - враќање на данокот, искажан во фискалните сметки на физичките лица.

## *1. ПРАВО НА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ*

Моделот на поврат на данок суштествувал и бил практициран во повеќе економски системи во светот во поблиска и подалечна временска дистанца. Придобивките и оценките за неговата успешност се дискутабилни и сеуште може да се сретнат елаборирани "за и против" мислења за начинот на трансфер на средства на граѓаните, како и вечните полемики околу системот на утврдување на повратот, пропорционален или прогресивен.

Моделот е општо прифатен и се разликуват две стојалишта за неговата оправданост, кои се всушност и негови постулати за егзистенција. Првично замислен како механизам за контрола на пресметувањето и прибирањето на јавните давачки, се повеќе се рекламира како генератор на поврат на примања, кои биле дел од потрошувачката, со што се наметнува како потрошувачки агрегат.

Најголемите забелешки за неговото функционирање остануваат во сегментот на пресметувањето на правото за поврат и неможноста на целосна контрола за избегнување на злоупотребите, во поглед на определувањето на корисникот и износот на исплата, согласно поставените норми и потреби.

Законски заснованото право на враќање на данокот, во Македонија, се однесува на данокот на додадена вредност, искажан во фискалните сметки за купени добра или користени услуги, издадени согласно со Законот за регистрирање на готовински плаќања (“Службен весник на РМ” 31/01...98/19).

Една иста фискална сметка остварува право на поврат на данокот на додадена вредност, еднократно (само еднаш). Апликативниот систем на УЈП, врши идентификација и препознавање на идентификацискиот број на фискалната сметка, од која се остварува **пријавување** на правото на враќање на данокот **или отфрлање**.

Правото на враќање на данокот може да се оствари само еднаш за една иста фискална сметка, односно правото на враќање на данокот не се остварува за фискалната сметка која е веќе пријавена за враќање на данокот, согласно одредбите од член 6 од законот или е наменета за корпоративни цели.

Враќањето на данокот може да се оствари во висина од **15% од данокот на додадена вредност**, искажан во поединечна фискална сметка.

Пресметката на износот се врши преку апликативниот сфтверски систем ма УЈП, преку кој се пријавува прометот остварен преку фискалната сметка.

### *1.1. Исклучување на правото на поврат на ДДВ*

Право на поврат од дел од 15% од ДДВ, искажан за промет во пооделна фискална сметка, се остварува за фискалните сметки кои гласат на износ **до 30.000,00 МКД.**

**Сите сметки чиј пооделен износ на промет надминува 30.000,00 МКД, не се носители на правото на поврат на данокот од фискалните сметки.**

Исклучени од групата на сметки за кои се бара враќање на данокот, се и сметките кои се **сторнирани**.

Исклучувањето на фискалните сметки од првата категорија (износ над 30.000,00 МКД), е едноставно и лицето кое врши пријавување на правото на поврат има увид и ефективно влијание, во содејство со апликативниот софтвер, во моментот на пријавување на правото преку софтверската апликација, но непостои функционален механизам за заштита од злоупотреба на сметките кои се сторнирани.

Постоечкиот пропишан систем е нефункционален и бара дополнителен ангажман на одговорното лице за пријавување на сторнираните фискални сметки ("ахилова пета" на системот).

Наметнувањето на нерационални и нефункционални обврски, кои не се во функција на дејноста на субјектот, туку пренесени обврски од државната администрација, не претставува новост во македонската регулатива.

Одредбите од законот  за враќање на ДДВ на физичките лица, не се однесуваат на фискалните сметки за кои е издадена сметко-потврда, фактура или друг документ издаден кон правно лице, трговец поединец, физичко лице кое врши самостојна дејност и физичко лице регистрирано за цели на данок на додадена вредност.

Одредбите од законот за враќање на ДДВ на физичките лица, не се однесуваат и на фискалните сметки кои се издадени заедно со сметките, кои се издаваат од лицата кои извршуваат континуиран промет и за кои се предвидени последователни плаќања (испорака на струја, вода, телефонски услуги, греење и ладење и друго).

### *2. ОГРАНИЧУВАЊА НА ИЗНОСОТ ЗА ПОВРАТ И ПЕРИОДИ ЗА ПОВРАТ НА ДАНОКОТ*

Правото на враќање на данокот се остварува за секое календарско тримесечје, во кое е издадена фискалната сметка.

**Највисока основица** за пресметување на данокот **за враќање**, за едно календарско тримесечје, е искажаниот данок на додадена вредност во фискалните сметки, во висина од **12.000 денари**.

Бидејки станува збор за период “календарско тримесечје”, сведената основица на месечно ниво, која се зема во предвид при пресметување на правото на поврат на данокот, претставува износот од 4.000,00 МКД.

Прагот на ограничување, претставува износ кој го максимизира износот за враќање на данокот, кој би го добил поединечно физичко лице, како основица на месечно (4.000) и тримесечно (12.000) ниво. Наведениот месечен износ (4.000) не претставува пресметковен параметар, ниту ограничувачки износ, кој би требало да се следи или исполни. Даден е како вредносен показател за висината на основицата, од која се пресметува повратот. Лицето месечно може да пријави основица од искажан данок над 4.000,00 но не може на тромесечје да надмине искажан данок над 12.000,00 МКД.

Износот со кој може да се стекне секое поединечно физичко лице, кое има поднесувано скенирани фискални сметки преку апликативниот софтвер на УЈП, е лимитиран преку износот на максималната основица од 12.000,00 МКД.

Вториот праг на ограничување на износот на враќање на данокот, секако е процентот на поврат на данокот.

Согласно одредбите од член 3 став 3 од Законот, враќањето на данокот може да се оствари во висина **од 15%** од данокот на додадена вредност, искажан во поединечна фискална сметка.

Согласно наведеното, износот од 1.800,00 МКД на тримесечно ниво (600,00 МКД месечно), е максималниот износ кој може да го добие поединечно физичко лице. Износите на враќање на данокот се добиени со примена на 15% (процент на право на поврат), врз максималната основица добиена како износ на ДДВ од фискалните сметки.

12.000,00 x 15% = 1.800,00 тримесечно;
4.000,00 x 15% = 600,00 за еден месец.

Правото на поврат се остварува на календарско тромесечие и не е предвидено месечно ограничување при пресметување за враќање на данокот.

### *3. ПОВРАТ НА ДАНОКОТ*

Право на враќање на данокот имаат физичките лица кои ги исполнуваат следните услови:

1) Имаат навршени 15 години возраст;

2) Поседуваат валиден документ за идентификација издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија (лична карта или патна исправа);

3) Се регистрирани корисници на системот за електронска пресметка за приход и данок (Е-ППД) на Управата за јавни приходи и

4) Поседуваат трансакциска сметка кај носител на платен промет во Република Северна Македонија.

По исклучок на одредбите од член 3 на законот, правото на враќање на данокот не се остварува за:

1) Фискална сметка чиј вкупен промет надминува 30.000 денари и

2) Фискална сметка која е сторнирана.

Правото на враќање на данокот се остварува со пријавување на податоците од бар кодот на фискалната сметка, преку апликативниот софтвер "Мој ДДВ" на Управата за јавни приходи.

Пријавувањето на податоците преку апликативниот софтвер е со ограничен рок на траење.

Пријавувањето преку скенирање и испраќање на податоци за поврат на ДДВ, се врши најдоцна во рок од 10 дена, од датумот на издавање на фискалната сметка.

Фискалната сметка по изминувањето на рокот од 10 дена, од датумот на нејзиното издавање не може да се користи, за остварување на правото на враќање на данокот.

Техничките карактеристики и начинот на користење на апликативниот софтвер "Мој ДДВ" за пријавување на податоците од фискалната сметка ги пропишува министерот за финансии.

Надминати се техничките проблеми (15.07.2019), во врска со можноста за поставување и инсталирање на апликативниот софтвер "Мој ДДВ" на сите видови на оперативни системи за "паметни мобилни уреди" по првичната достапност само за паметните "андроид" мобилни уреди.

Враќањето на данокот се врши на трансакциската сметка, по службена должност од страна на Управата за јавни приходи, во рок од 60 дена по истекот на календарското тримесечје, во кое е издадена фискалната сметка.

Најнискиот износ за враќање на данокот за едно календарско тримесечје изнесува 50,00 денари.

Доколку износот на данокот за враќање е понизок од 50,00 МКД, истиот се пренесува за исплата за наредното календарско тримесечје.

Исплатата на средствата се врши од Буџетот на Македонија, преку Управата за јавни приходи.

Враќањето на данокот и исплатата на средствата на трансакциска сметка на физичките лица за третото календарско тримесечје од 2019 година, согласно законот, ќе се изврши најдоцна до крајот на 2019 година.

Вратениот износ на данокот на додадена вредност согласно законот за враќање на ДДВ на физичките лица, не претставува доход кој подлежи на оданочување со данок на личен доход.

## *4. ПРОПИШАНИ ГЛОБИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ*

Глоба во износ од 250 до 1.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на издавачот на фискалната сметка доколку не ја пријави во Управата за јавни приходи фискалната сметка, која ја сторнира и сторната сметка (член 7).

Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, доколку не ја пријави во Управата за јавни приходи, фискалната сметка која ја сторнира и сторната сметка.

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое пријавило фискална сметка за кои е издадена сметко-потврда, фактура или друг документ издаден кон правно лице, трговец поединец, физичко лице кое врши самостојна дејност и физичко лице регистрирано за цели на данок на додадена вредност.

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое пријавило фискална сметка, за промет од фискални сметки кои се издаваат од лицата кои извршуваат континуиран промет и за кои се предвидени последователни плаќања (испорака на струја, вода, телефонски услуги, греење и ладење и друго).

Одмерувањето на висината на глобите од законот се врши согласно со Законот за прекршоците.

Надлежен орган за водење на прекршочна постапка и за изрекување на прекршочни санкции за прекршоците пропишани со закон е Управата за јавни приходи.

Законот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ", а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2019 година.

### *5. ИЗМЕНИ ВО РЕГУЛАТИВАТА ЗА ДДВ*

Последните измени на Законот за ДДВ ("Службен весник на СРМ" 124/19), носат измени во доказниот материјал за извршен извоз, заради користење на ослободување од ДДВ.

Вклучувањето на научно истражувачката дејност од образовен тип, кон ослободената од ДДВ образовна дејност, само ја ослободува и така веќе нашироко воспоставената практика за активностите од научно-образовен карактер, кои се дел од регуларниот образовен процес.

Повластена стапка за промет на ветеринарни лекови и топлотна енергија (5% за промет од 25.08.2019), можеби отстапува од директивите на ЕУ за концептот на ДДВ, но секако е прифатен со раширени раце, како од стопанството така и од потрошувачите.

Следната измена се однесува на проширување на лицата од дипломатско конзуларниот кор, кои можат да се јават како носители на право на поврат на ДДВ.

Прекинување на регистрација за ДДВ по барање на ДДВ обврзник, се воведува како можност и пред истекот на петтата година од регистрација на ДДВ обврзник.

### *5.1. ДДВ и доказ за извршен извоз*

Врз основа на измените извршени во царинските прописи, се изврши усогласување на одредбите од постоечкиот Правилник за спроведување на Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" 65/99...42/16 и "Службен весник на СРМ" 111/19) и процедурите и постапките во делот на извршување на увозот и извозот, пропишани со царинските прописи. Усогласувањето се однесува на доказот за извршен извоз, заради остварување на правото на ослободување од ДДВ, по основ на извршен извоз, согласно одредбите до член 24 од законот за ДДВ.

Одредбите од правилникот кои беа усогласени со царинските прописи пред измените, претпочитаа постоење на одредена хартиена документација за докажување на извозот.

Согласно одредбите од член 2 став 1 од правилникот, при извоз (член 24 точка 1 и 2 од Законот), даночниот обврзник е должен да докаже со документи во земјата, дека тој или примателот на доброто или трето лице по нивни налог го превезле или испратиле доброто во странство или во слобод на зона, царинска зона или царинско складиште (доказ за извршен извоз). Истото треба во документите да биде очигледно и лесно проверливо. Доколку доброто е обработено или преработено пред извозот од страна на трето лице (член 24 точка 1 реченица 2 од Законот за ДДВ), истото мора да произлегува од доказот за извршен извоз на очигледен и лесно проверлив начин.

Согласно одредбата од член 2 став 2 од правилникот **пред измените**, при извоз во рамките на извозната царинска постапка со примена на Единствениот царински документ (ЕЦД), доказот за извршен извоз се обезбедува преку извозна потврда внесена на третиот примерок, откако ќе се прими петтиот примерок.

Согласно одредбата од член 2 став 2 од правилникот **по извршените измени**, при извоз во рамките на извозната царинска постапка со употреба на техника за електронска обработка на податоци, доказот за извршен извоз **се обезбедува преку електронска порака IE599 – Известување за извоз**, која надлежниот царински орган му ја испраќа на декларантот или на неговиот застапник.

При извоз во рамките на извозната царинска постапка кога не се употребува техника за електронска обработка на податоци, туку се применува Единствениот царински документ (**ЕЦД**), доказот за извршен извоз се обезбедува преку **извозна потврда внесена на третиот примерок од ЕЦД.** Доколку по завршување на извозот, стоката се превезува во транзитна постапка, доказот за извршен извоз се обезбедува преку извозна потврда внесена на третиот примерок од ЕЦД од страна на надлежнииот царински орган, **по добивање на електронска порака со која се потврдува дека стоката го напуштила царинското подрачје** или откако ќе се прими петтиот примерок од ЕЦД.

Во случаи, во кои се спроведува извозна царинска постапка без примена на техника за електронска обработка на податоци или Единствениот царински документ, **доказот** за извршен извоз се обезбедува преку **документ**, кој ги содржи следните податоци:

1. име и адреса на даночниот обврзник и на примателот на доброто,
2. трговски вообичаена ознака и количина на извозното добро,
3. место и ден на извозот,
4. потврда за извршен извоз издадена од надлежниот царински орган.

Во случаите од член 25 од Законот, документот мора да содржи дополнителна потврда од царинскиот орган дека податоците во врска со името и адресата на примателот на доброто, соодветствуваат со оние од приложениот пасош или другата патна исправа на лицето, кое го превезува доброто во странство.

Одредбите од правилникот влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РСМ", односно од 01.06.2019 година.

Врз основа на извршените измени во делот на доказната документација за извршен извоз во сметководството на субјектот, задолжително се обезбедува доказ за примена на ослободување при извоз, согласно член 24 и 26 од Законот за ДДВ. Во спротивно не се применува ослободувањето од ДДВ при извршен извоз од член 24 од законот.

### *5.2. Образование и образовни услуги*

Со измените се изврши дополнување на делот од образованието и образовните услуги, кои се опфатени со правото на ослободување од ДДВ.

Согласно одредбите од член 23 став 1 точка 17, во образовните услуги се вклучуваат услугите на училишно и универзитетско образование, услуги кои се вршат кон високообразовните установи со цел да се обезбедат услови за стекнување способности и вештини за вршење научно-истражувачка дејност, вклучувајќи и менторирање за изработка и одбрана на магистерски или докторски трудови и услугите на научно-истражувачка дејност, согласно со Законот за научно-истражувачката дејност.

Ослободувањата од ДДВ во точката 17, 17-а и 17-б, се претставени преку:

а) образование и воспитување на деца и младинци вклучувајќи и услуги на училишно и универзитетско образование и услуги на оквалификување, доквалификување и преквалификување, како и услуги на училишта и центри за изучување на странски јазици;

б) услуги на научно-истражувачка дејност, согласно со Законот за научно-истражувачката дејност;

17-а. Услуги кои се вршат кон високообразовните установи со цел да се обезбедат услови за стекнување способности и вештини за вршење научно-истражувачка дејност, вклучувајќи и менторирање за изработка и одбрана на магистерски или докторски трудови;

17-б. Услуги на научно-истражувачка дејност согласно со Законот за научно-истражувачката дејност.

### *5.3. Ветеринарни лекови и топлинска енергија со 5% од 25.08.2019 година*

Согласно измените во законот, повластената ДДВ стапка од 5% почнувајки од 25.08.2019 година, ќе се применува при оданочување на прометот остварен од продажба на лекови за ветеринарна медицина и топлинска енергија.

Со измената во точката 9 од член 30 и додавањето на точката 18 во член 30, се отпочнува со примана на повластената стапка од 5%, од 25.08.2019 година.

Меѓутоа, кај ветеринарна дејност напомнуваме дека **ветеринарните услуги** останувaат во сферата на оданочување **со 18%**, додека повластената даночна стапка од **5%** ќе се применува само **за прометот на лековите**.

Повластената стапка за ветеринарните лекови ќе се применува без оглед на фактот дали истите ќе се аплицираат директно од страна на ветеринар или друго стручно лице или истите ќе бидат набавени и аплицирани од страна на трето физичко лице.

Прометот на топлинска енергија од 25.08.2019 година, исто така ќе се оданочува со повластената даночна стапка за ДДВ од 5%.

### *5.4. Проширување на листата на дипломатски персонал кој може да користи поврат на ДДВ*

Во член 48 став 2 со измените на законот „на членовите на административниот и техничкиот персонал на дипломатски и конзуларни претставништва кои не се државјани во земјата или немаат постојано престојувалиште во земјата" им се одобрува право на враќање на ДДВ.

Досегашното решение, предвидуваше враќањето на данокот на додадена вредност да му се одобрува на шефот на дипломатското претставништво, на членовите на дипломатскиот персонал на странското дипломатско претставништво, на конзуларните функционери, како и на нивните брачни другари.

Со измените им се одобрува право на поврат на ДДВ и на членовите на административниот и техничкиот персонал на дипломатски и конзуларни претставништва, кои не се државјани во земјата или немаат постојано престојувалиште во земјата како и на нивните брачни другари, доколку овие лица стекнале

добра или користеле услуги за лични потреби или за потреби на членовите на семејствата кои ги сочинуваат нивните домаќинства. Во тој случај, враќањето се ограничува на вкупен износ од 50.000 денари за соодветната календарска година. При набавката на моторно возило, враќањето на данокот се одобрува еднаш во три години, освен во случаите на неопходна набавка на ново возило како замена за старото, после настаната кражба или тешко оштетување. ДДВ за ваквата набавка не се засметува кон максималниот износ за враќање од 50.000 денари.

Доколку странското дипломатско или конзуларно претставништво набави добра или користи услуги за службени потреби, на барање на претставништвото ќе му се изврши враќање на данокот на додадена вредност, доколку е платена фактурата и доколку во истата е одделно искажан данокот на додадена вредност од страна на даночниот обврзник според член 53 од законот.

Враќањето се врши врз основа на посебни спогодби склучени со државата-испраќач, во согласност со условите на реципроцитет. Враќањето ќе се одбие, доколку износот на фактурата не надминува 5.000 денари, вклучувајќи го данокот на додадена вредност. Барањето за враќање се поднесува најдоцна во рок од пет години по истекот на календарската година, во која е извршен прометот кон подносителот на барањето.

### *5.5. Прекинување на регистрација за ДДВ по барање на ДДВ обврзник и останати измени*

Со последните измени на Законот за ДДВ, се внесуваат одредби, со кои ДДВ обврзник може да поднесе барање за прекинување на статусот на ДДВ обврзник и пред истекот на петтата година од регистрацијата за ДДВ обврзник.

Досегашните прописи предвидуваа право на УЈП, самоиницијативно да изврши прекин на регистрација на ДДВ обврзник пред истекот на петата година од регистрацијата на ДДВ обврзникот, доколку се исполнети одредени услови.

Во условите кои се предвидени со одредбите од член 51 став 10, се опфатени непостоење на влезен и излезен промет во претходната година, во две последователни години не искажува ДДВ за оданочив промет, неможност да се лоцира ДДВ обврзникот, не поднел ДДВ пријава најмалку два периода, се идентификува даночно затајување и при извршена ДДВ консолидација кај

обврзници со постоење на организациона, сопственичка или управувачка поврзаност.

Со измените од член 51 став 13, по исклучок од став 7 на член 51, **на барање на даночниот обврзник**, надлежниот даночен орган **ќе изврши прекинување на регистрацијата**, кога во секоја од двете претходни календарски години даночниот обврзник поднесува даночни пријави со вкупен промет кој не го надминува износот од 1.000.000 МКД и во секоја од двете претходни календарски години во даночните пријави нема искажано претходен данок за одбивање.

За да УЈП одговори позитивно на барањето за прекинување на регистрацијата за ДДВ, субјектот треба да остварува вкупен промет под 1.000.000,00 МКД и да нема претходен ДДВ за одбивање, две последователни календарски години.

Барањето за прекинување на регистрација не е пропишано со формален акт, ниту со законот е предвидена обврска на министерот за пропишување на истото.

Од одредбите на законот не е јасно дали ке може да се поднесе неформално пропишано барање или тоа ќе се прави по пат на поднесување на пријава на Образецот за дерегистрација на ДДВ обврзник (Образец ДДВ-01Б).

Напомнуваме дека образецот е пропишан за поднесување по истекот на пет години и се применува по истекот на петата година од регистрацијата на даночниот обврзник, согласно Упатството за неговото пополнување.

Со измените исто така не е предвиден обврзувачки рок за изготвување на Решение за прекин на ДДВ обврзник, по негово барање, како што е предвиден рокот за регистрирање и отповикување на регистрација на ДДВ обврзник, според опциите за дерегистрација пред последната измена.

Непостоењето на рок за донесување на Решение за дерегистрација на барање на обврзникот, остава простор за грешки и санкции во поглед на ДДВ третманот.

Со измените на законот се пропишува примена на одредбите од Законот за даночна постапка, при пресметувањето и утврдувањето на даночната обврска за ДДВ утврдена со контрола и решение на УЈП, наместо одредбата која претходно го нотираше законот за персонален данок. Наведената измена претставува последица на измените извршени во законот за даночна постапка кој се однесува на пресметувањето на обврската за даноци и други јавни давачки.

# *ДАНОК НА ДОХОД*

***дипл. економист: Јулија Минковска***

# ДИРЕКТНИ И УСЛОВНИ ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА ОД ЛИЧЕН ДОХОД

*Директните и условните даночните ослободувања на личен доход се регулирани со Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018).*

## *ВОВЕД*

Со Законот за данок на личен доход***, (во продолжение Законот),*** се уредува оданочувањето на личниот доход на физичките лица, обврзникот за плаќање на данокот на личен доход, даночната основа за пресметување на данокот на личен доход, даночните стапки, роковите за плаќање на данокот на личен доход, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на личен доход.

Покрај одредбата за оданочувањето на личниот доход во законот се пропишани одредби за ослободување од обврската за пресметка и плаќање на данокот за одделни видови на лични примања на физички лица и тоа како:

У***словни*** ослободувања, кои се поврзани со оделните видови на приходи, кои се предмет на оданочување, но со претходно исполнување на законски пропишан услов и

***Директни ослободувања,*** кои се пропишани со одредбите на членот 12 од Законот.

# *1. УСЛОВНИ ОСЛОБОДУВАЊА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ДОХОД*

## *1.1. Обврзник кој е вработен кај корисник на државна помош*

Согласно **член 13** од Законот, обврзник кој е вработен кај корисник на државна помош, **има право да користи даночно ослободување од данок на доход** во рамките на државната помош, под услови и по постапки утврдени со закон.

## *1.2. Доход на кој обврзникот платил данок на доход во друга држава, не се оданочува*

Согласно **членот 8 став 4** од Законот, заради одбегнување на двојно оданочување на обврзникот **му се наталува пресметаниот данок на доход, за износот на платениот данок на доход во друга држава**, најмногу до износот што би се добил со примена на даночните стапки, од член 11 на Законот.

**НАПОМЕНА: Даночниот обврзник е должен да приложи документ за платениот данок во друга држава.**

## *1.3. Ослободување од плаќање на данок на доход на лични примања, остварени со работа во странски дипломатски и конзуларни претставништва, односно кај претставници или службеници на такви претставништва во Републиката*

Согласно **членот 18** од Законот и личните примања што се остварени со работа во странски дипломатски и конзуларни претставништва, односно кај претставници или службеници на такви претставништва во Републиката **се ослободени од данок на доход,** под услов на реципроцитет и тоа за:

- **Шефовите на странски дипломатски мисии акредитирани во Република Македонија,** персоналот на странските мисии во Република Македонија, како и членовите на нивните семејства, ако тие членови на семејствата не се државјани или резиденти на Република Македонија;
- **Шефовите на странски конзуларни претставништва** и конзуларните функционери, кои се овластени за вр-шење на конзуларни функции, како и членовите на нив-ните семејства, ако тие членови на семејства не се др-жавјани или резиденти на Република Македонија;
- **Функционерите на ООН и на нејзините специјализирани агенции**, како и стручњаците за техничка помош на ООН на нејзините специјализирани агенции;
- **Лицата вработени кај странски дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации**, лицата вработени кај шефовите на дипломатски и конзуларни претставништва или меѓународни организации, ако не се државјани или резиденти на Република Македонија;
- **Почесните конзуларни функционери** на странски конзуларни претставништва за доход од работа и надоместоците што ги добиваат од земјата, која ги именувала за вршење на конзуларните функции.

***НАПОМЕНА:*** **За да може да се искористи ова даночно ослободување, треба да биде исполнет условот на реципроцитет.**

### *1.4. Ослободувања од плаќање на данок на добивки од општи игри на среќа*

Согласно член 67 став 1 од Законот, данок на доход за добивките од општите игри на среќа **не се плаќа**, ако поединечната исплата на добивката не го надминува **износот од 5.000 денари**.

**Ако поединечниот износ на добивката е поголем од износот од 5.000 денари, согласно член 67 став 2 од Законот, данокот се пресметува врз целиот износ на добивката.**

**Основа за пресметување на данокот кај игрите на среќа, претставува поединечната исплата на добивката.**

По исклучок, основа за пресметување на данокот кај игрите на среќа во обложувалница, претставува износот на поединечната исплата на добивката, намален за износот на поединечната уплата, врз основа на која е остварена добивката.

Ако добивката од игри на среќа се состои од предмети, основа на данокот претставува пазарната вредност на предметите, во моментот на остварувањето на добивката.

## *2. ДИРЕКТНИ ОСЛОБОДУВАЊА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ДОХОД*

Согласно член 12 од Законот, **Данок на доход не се плаќа на:**

### *2.1. Помош за социјална заштита*

Социјална заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки, утврдени со Законот.

Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со законот

Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги, во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

**Согласно 27 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ", број 104/19)**, Права на парична помош од социјална заштита се:

**1. Гарантирана минимална помош;**
**2. Надоместок заради попреченост;**
**3. Надоместок за помош и нега од друго лице;**
**4. Надоместок на плата за скратено работно време;**
**5. Додаток за домување;**
**6. Траен надоместок и**
**7. Еднократна парична помош.**

**НАПОМЕНА: Наведените надоместоци, кои како парична помош за социјална заштита се исплатуваат преку установи за социјална заштита, се ослободени од данок на доход.**

### *2.2. Субвенции доделени од државен орган за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на физички лица кои остваруваат доход од продажба на сопствени земјоделски производи од членот 43 и 47 од Законот*

Данок на доход **не се плаќа на субвенции** дадени од државен орган за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, кои физичките лица ги остваруваат од продажба на сопствени земјоделски производи на исплатувачи кои водат деловни книги и на физички лица кои продаваат надвор од продажните места на зелени пазари, а кои не се оданочуваат согласно член 20 од Законот и на физички лица, кои продаваат на зелени пазари, а не се оданочуваат согласно член 20 од Законот.

**НАПОМЕНА: Од 1 Јануари 2019 година, субвенциите се изземени од оданочување со данок на доход.**

### *2.3. Надоместок по основа на здравствено осигурување, освен надоместок на плата*

Данокот на доход **не се плаќа** на надоместокот по основа на здравствено осигурување, *освен* надоместок за време на боледување и надоместок за време на отсуство од работа, кои се предмет на оданочување, согласно со членот 15, точките 9 и 10 од Законот.

### *2.4. Паричен надоместок за време на невработеност, утврден со закон*

Право на паричен надоместок, има невработено лице, кое било во работен однос **најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин, во последните 18 месеци.**

Согласно член 68 од Законот за вработување и осигуру вање во случај на невработеност ("Службен весник на РМ", 37/97...113/18; 124/19), висината на **Месечниот паричен надоместок за време на невработеност** се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот, согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува **50% од просечната месечна** нето плата на работникот за последните 24 месеци за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеци, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеци, паричниот надоместок за првите 12 месеци изнесува **50% од просечната месечна** нето плата на работникот за последните 24 месеци, а за преостанатото време **40% од просечната месечна** нето плата.

**Надоместокот за време на невработеност,** остварен согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност **е ослободен од плаќање на данок на доход.**

### *2.5. Детски додаток*

Не се плаќа данок на доход на паричниот надоместок што се исплатува како детски додаток, согласно со Законот за заштита на деца *("Службен весник на РМ" 23/13...198/18; 104/19).*

Согласно член 31 од Законот за заштита на деца, висината на детскиот додаток, зависи од бројот на децата во семејството и возраста на децата.

**Доколку во семејството има дете на училишна возраст** согласно со закон, **висината на детскиот додаток за едно дете изнесува 1.000 денари месечно**, а за **две и повеќе** деца во семејството изнесува **1.600 денари месечно за сите деца.**

**Дококу во семејството има дете кое не е на училишна возраст** согласно со закон, **висината на детскиот додаток за едно дете изнесува 1.200 денари месечно**, а за **две и повеќе деца изнесува 1.900 денари,** месечно за сите деца.

**Доколку во семејството има две и повеќе деца**, кои не се сите на училишна возраст, висината на детскиот додаток за сите деца изнесува 1.600 денари месечно.

Висината на детскиот додаток, се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

**НАПОМЕНА: Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на детскиот додаток..**

### *2.6. Други социјални додатоци за деца, утврдени со закон*

Не се плаќа данок на доход и на други социјални додатоци за деца регулирани согласно член 6 од Законот за заштита на деца. ***("Службен весник на РМ" 23/13...198/18; 104/19***), како што се: (***посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете и партиципација.)***

### *2.7. Цивилна инвалиднина, материјални права од боречка инвалидска заштита, како и плата на инвалидно лице, согласно со закон*

Согласно член 2 од Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на РМ", 44/00...99/18), инвалидно лице е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот, јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки и кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето, како и инвалид на трудот со преостаната или намалена работна способност и кое се води во евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Македонија, како невработено лице.

Платата и надоместоците на плата на инвалидно лице, кај кое е утврдена инвалидност, согласно Законот за вработување на инвалидни лица ***е ослободено од плаќање на данок од доход.***

Исто така, од оданочување со данок на доход се иземени и надоместоците за цивилна инвалиднина, како и материјалните права од боречка инвалидска заштита.

### *2.8. Надоместок за телесно оштетување*

Овој надоместок е исто така регулиран со ***Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" 104/19)*** и како паричен надоместок за телесно оштетување се исплатува според утврдени услови, критериуми и износи согласно Законот за социјална заштита.

### *2.9. Надоместок во случај на смрт на вработеното лице, член на семејството на вработеното лице и член на семејството на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност до пропишаниот износ;*

Согласно член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, (Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), исплатениот надоместок во случај на смрт на работникот **во висина од трикратниот износ од просечната месечна нето плата** во Република Македонија, исплатена во претходните 3 месеци, **не се оданочува со данок на доход.**

Исплатениот надоместок за смрт на член на семејство на вработено лице и член на семејството на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност во висина **од двократен износ од просечната месечна нето плата** во Република Македонија исплатена во претходните 3 месеци**, не се оданочува со данок на доход.**

За буџетските корисници, надоместоците во случај на смрт на работникот **во висина од 30.000 денари** и исплатениот надоместок за смрт на член на семејно домаќинство, **во висина од 15.000 денари** утврдени со Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2019 година, **не се оданочува со данок на доход**.

### *2.10. Помош за претрпени штети од елементарни непогоди, до најнискиот износ утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од на стопанството, односно за вработените во областа нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа*

Не се оданочува со данок на доход исплатениот надоместок на вработените во стопанството, во случај на потешки последици од елементарни непогоди и тоа:

- **во висина од една просечна нето плата** во Република та исплатена во претходните три месеци, согласно член 35-г од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, ("Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16),
- а за вработените во нестопанството, **во висина утврдена со прописите за органите** на државната управа.

### *2.11. Помош за претрпени штети, настанати од елементарни непогоди или други вонредни настани,исплатени од Буџетот на Република Македонија и буџетите на Градот Скопје и единиците на локалната самоуправа*

**Од 1 Јануари 2019 година ново даночно ослободување** за помошта за претрпени штети настанати од елементарни непогоди или други вонредни настани кои ќе се исплатат од Буџетот на Република Македонија и буџетите на град Скопје и единиците на локалната самоуправа.

### *2.12. Стипендии на ученици и студенти, што ги доделуваат органите на државната управа, во согласност со закон и стипендии што ги доделуваат фондации врз основа на веродостојна документација, вклучувајќи ги трошоците за школарина/партиципација, превоз, сместување и исхрана*

Покрај стипендиите на учениците и студентите, што се добиваат преку органи на државна управа и фондации во согласност со Закон, од 1 Јануари 2019 година, ново даночно ослободување ***и за трошоците за школарина, партиципација, превоз, сместување и исхрана.***

### *2. 13. Награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, доделени од Министерство за образование и наука, основни, средни и високообразовни установи*

### *2.14. Надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти, во висина најмногу до 8.000 денари месечно*

Согласно член 15 од ***Законот за стручно образование и обука ("Службен вес ник на РМ" 71/06...64/18),*** работодавачот има право да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања, пропишани со Закон.

**Работодавачи се**: *трговско друштво, установа или занаетчија кај кои се изведува практична обука според тековните услови на нивната активност, при што оваа обука да не претставува нивна претежна дејност.*

Работодавачот е должен да склучи договор со ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот.

Работодавачот е должен да му исплати надоместок за ученичката работа, во согласност со условите пропишани во Договорот.

Исплатениот надоместок на ученици и студенти за време на практикантска настава и обука **од 1 Јануари 2019 година, не се оданочува со данок на доход најмногу до 8.000 денари** (***до 31 Декември 2018 година износот кој не се оданочува беше 4.000 денари***).

### *2.15. Надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство*

Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.

Како организатори на волонтерска работа, можат да се јават:

- **Здружение на граѓани и фондации;**
- **Верска заедница и религиозна група;**
- **Јавна установа;**
- **Орган на државна власт; и**
- **Единица на локалната самоуправа и градот Скопје**.

Согласно член 10 став 2 од ***Законот за волонтерство ("Службен весник на РМ" 85/07...147/15; 124/19)***, надоместок на трошоците за храна и превоз до и од местото на волонтирање се исплатува **најмногу во висина од 15% од просечната месечна бруто плата** во Републиката исплатена во претходната година, а **трошоците за службени патувања и трошоците за обука**, се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерска работа.

Согласно член 13 став 2 од Законот за волонтерство, на трошоците поврзани со волонтерската работа, **не се плаќа данок на доход**.

**НАПОМЕНА: За лицата ангажирани како волонтери кои вршат практична работа, работодавачот има обврска да пресмета и плати придонес за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на повреда на работа и професионална болест во висина од 4% од просечна нето плата објавена во Републиката во тековниот месец, во согласност со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.**

### *2.16. Примени донации во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности*

Физичко лице кое донира финансиски средства на правно лице, согласно член 13 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ", 47/06... 153/15), има право на намалување на данок на доход утврден во неговата Годишна даночна пријава **во висина од 20%** од износот на неговиот годишен данок на доход, **но не повеќе од 24.000 денари**.

### *2.17. Мадоместок на трошоците за користење сопствен автомобил за потребите на работодавачот, во висина од 30% од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој изминат километар, а најмногу до 3.500 денари месечно*

Надоместокот на трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 30% од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар, а **најмногу до 3.500 денари месечно**, **не се оданочуваат со данок на доход**.

Врз основа на наведеното, извршено е ограничување на износот на надоместокот на трошоци за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот, кој **не подлежи на оданочување** со данок на доход.

**НАПОМЕНА: Согласно Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и други именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на РМ" 233/18) за избраните и именувани лица надоместокот за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели, се утврдува во висина до 20% од продажната цена на еден литар гориво, според изминатиот километар за возилото кое се користи.**
**Оваа измена се применува од 28 Декември 2018 година.**

Напоменуваме дека исплатениот износ **над 3.500 денари подлежи на оданочување** со данок на доход и исплатувачот е должен до УЈП да поднесе Електронска пресметка во која ќе го внесе износот кој не подлежи на оданочување и посебно износот **над 3.500 денари кој подлежи на оданочување.**

***2.18. Надоместок на трошоците за службени патувања, за теренски додаток (сместување, исхрана) или одвоен живот од семејството на вработени лица и на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност во висина на најнискиот износ, утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството во Република Македонија, односно за вработените во нестопанството, во висина утврдена со прописите за органите на државната управа***

Не се оданочуваат со данок на доход исплатените надоместоци на вработени лица и на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност и тоа:

- **Дневниците за службените патувања во земјата, исплатени во висина од 8% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходните три (3) месеци.**

**НАПОМЕНА: Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2019 година ("Службен весник на РМ", 238/2018 година), укината е можноста за исплата на дневници за службени патувања во РМ за вработените во буџетските корисници и единките корисници на Буџетот.**

- **Трошоците за службените патувања во странство** исплатени согласно Уредбата за издатоци за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и тоа:
  - ***50%*** *од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување; како и во случаи кога сместувањето паѓа врз товар на органот на управа;*
  - ***20%*** *од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата;*

- ***5%** од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.*

- **Исплатениот теренски додаток** (***сместување, исхрана и слично***), во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка, оддел, односно на ниво на работодавач.
- **Надоместок за одвоен живот исплатен најмногу во висина од 60%** од просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три (3) месеци. Надоместок за **одвоен живот на избрани и именувани функционери од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување најмногу во висина од 30%** од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три (3) месеци.

**НАПОМЕНА: Одвоен живот од семејството за избрани и именувани функционери се смета кога лицата кои имаат семејство за издржување, засноваат работен однос во Орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот, во кој имаат засновано работен однос, не живеат со нивното семејство. Надоместокот на трошоци за одвоен живот не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е одалечено помалку од 100 километри од местото на работење.**

Претходно наведените надоместоци ако се исплатат над пропишаните износи **се оданочуваат со данок на доход со прогресивна стапка,** во зависност од висината на исплатениот надоместок.

### *2.19. Организиран превоз до и од работа, како и исхрана за време на работа утврдени со закон, општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа*

Под **организиран превоз** се подразбира посебен линиски превоз само на определена група патници, со исклучување на други патници.

Со посебниот линиски превоз на патници се врши превоз на работници од дома до местото на работа и обратно, врз основана договор склучен во писмена форма, меѓу правното лице кое го нарачува превозот и превозникот во согласност со ***Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" 68/04...163/18***).

Согласно член 43 од Законот за превоз во патниот сообраќај:

- Посебниот линиски превоз на патници се врши со автобуси, а може да се врши и со патнички возила **со (8 + 1) седиште,** врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу правното лице кое го нарачува превозот и превозникот правно лице;
- Патниците кои се превезуваат, треба да се наведени во списокот на патници, кој е составен дел на договорот за извршување на овој вид на превоз, при што во возилото **може да има максимум 10% патници,** кои не се наведени во списокот на патници;
- Списокот на патниците кои се превезуваат, треба задолжително да биде заверен од Министерството за транспорт и врски или од општините на градот Скопје;
- По исклучок, за превоз на работници, кои вршат сезонски работи од дома до местото на работа и обратно, списокот на патници не е составен дел на договорот за извршување на превозот, но истиот задолжително треба да се наоѓа во возилото, при вршењето на превозот;
- Патниците треба со себе да имаат документ за идентификација издаден од нарачателот на превозот.

Од тука може да се заклучи дека висината на стварните трошоци за организиран превоз по работник ***(член 113 став 4 од ЗРО),*** се утврдува во договорот за превоз, со испоставената фактура и списокот на патниците за соодветниот месец.

Доколку даночниот обврзник не располага со соодветна документација за да го утврди овој надоместок на трошоците на работниците, во постапка на контролата од страна на УЈП, можат да се користат компаративните цени, утврдени за ист или сличен превоз во слободниот патен сообраќај, дефинирани со членот 22 ***од Законот за превоз во патниот сообраќај*** (*Советот на општината, освен советите на општините од градот Скопје го уредуваат општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, а линискиот превоз на патници на подрачјето на сите општини на градот Скопје го уредува советот на градот Скопје, при што особено утврдуваат тарифен систем и систем на наплата).*

**Под организирана исхрана** се подразбира постоење на организирана единица во рамките на деловниот процес на работодавачот, во која на организиран начин работодавачот самостојно или со посредство на други субјекти, врз основа на склучен договор за приготвување и дистрибуција на топол оброк, им обезбедува исхрана на вработените.

Организираната исхрана може да се јави кога местоположбата на извршувањето на работите и работните задачи кај работодавачот (***фабрика, истурена градежна и друга оператива, рудник и слично***) или природата на работењето не им овозможува на вработените лица да се обезбедат со храна, на друг начин.

Тоа значи, во однос на дефинирањето на поимот ***"организира на исхрана"*** не е од битно значење дали храната се приготвува на некое друго место надвор од кругот на фабриката, рудник и друго, односно услугата да се прима од друг субјект кој се занимава со угостителска дејност, битно е храната да се консумира во просториите на работодавачот со средствата во сопственост на работодавачот т.н. (***менза, опремна со соодветна опрема за консумирање на храната на лице место).***

**Трошоците за организирана исхрана** не подлежат на оданочување со данок на доход **најмногу до 20% од просечната нето плата по работник, исплатена во претходната година**.

**НАПОМЕНА: Со дополнувањето на член 128 став 2 точка 2 од Законот за работните односи, работодавачот е должен на работникот кој работи ноќе да му обезбеди храна и превоз. Надоместокот на трошоците за исхрана за работа ноќе во висина од 20% од просечната нето плата по работник во Република Македонија во претходната година, е само за деновите кога работникот работи ноќе.**

**Овој надоместок не подлежи на оданочување со данокот на доход.**

Исто така и трошоците за превоз за работникот, кој работи ноќе, не подлежат на оданочување со данок на доход. Ако работодавачот не обезбеди услови за превоз до и од работа, не може да го распореди работникот да работи ноќе.

### *2.20. Надоместок за учество на лице во органите за спроведување избори и други форми на непосредно изјаснување на граѓаните, како и надоместок на лице за работа во врска со пописот на населението*

### *2.21. Алиментации и надоместок на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа*

Ослободени се од данок на личен доход, бидејќи не претставуваат новозодаден доход, туку намирување по оштетни побарувања, без оглед на видот и обемот на обештетувањето, но за наведените три категории.

### *2.22. Отпремнина што се дава при заминување во пензија во висина од две просечни месечни нето-плати по работник исплатени во Република Македонија во последните три месеци*

Не се оданочува со данок на доход исплатената испратнина при одење во пензија во висина од **двократен износ од просечната нето плата** по работник во Република Македонија во претходните три (3) месеци.

### *2.23. Еднократен надоместок во вид на испратнина, заради трајно работно ангажирање на работниците, под услови и начин утврдени со закон*

Испратнина во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (***испратнина за технолошки вишок)*** е обврска на работодавачот утврдено во член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ", 62/05... 120/18; 110/19), според кој работодавачот е должен на работникот да му исплати испратнина, и тоа:

- ✓ **до 5 години** поминати во работен однос во висина од **една нето плата**;
- ✓ **од 5 до 10 години** поминати во работен однос во висина од **две и пол нето плати**;
- ✓ **од 10 до 15 години** поминати во работен однос во висина од **три и пол нето плати**;
- ✓ **од 15 до 20 години** поминати во работен однос во висина од **четири и пол нето плати**;
- ✓ **од 20 до 25 години** поминати во работен однос во висина од **шест нето плати**; и
- ✓ **над 25 години** поминати во работен однос во висина од **седум нето плати**.

Основица за пресметка на испратнината е **просечната нето плата на работникот** во последните шест месеца пред отказот, но истата **да не биде пома ла од 50% од просечната нето плата исплатена по работник** во Републиката во последниот месец пред отказот.

Вака законски определениот износ на испратнина кој работодавачот е должен да му ја исплати на работникот, претставува максимален износ на испратнина, **кој не се оданочува со данок на доход**.

### *2.24. Надоместок на трошоци за службени патувања (трошоци за превоз, сместување и исхрана), патување на државните репрезентации и при спортските клубови на официјални првенства и други меѓународни натпревари*

Надоместоците се строго дефинирани спрема видот и карактерот и не се однесуваат на награди за спортски достигнувања ниту се поврзани со износите на учества на натпревари.

### *2.25. Награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари*

Данок на доход не се плаќа на **паричните и друг вид награди** освоени на официјални меѓународни натпревари, одржани во земјава и во странство.

### *2.26. Стипендии за спортисти што ги доделуваат органите на државната управа*

Покрај стипендиите добиени преку фондови и фондации во согласност со закон, **не се плаќа данок** на доход и на стипендии, односно **парични награди или надоместоци што им се доделуваат на спортистите согласно закон**.

### *2.27. Награди што ги доделува Организацијата на обединетите нации и меѓународните организации*

Тоа се меѓународни награди кои ги доделуваат ООН и разни меѓународни организации за посебни достигнувања или посебен придонес во областа на науката, литературата, културата, уметноста, спортот, награди за мир, хуманитарни ангажмани и слично.

### *2.28. Награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот*

Тоа се **државни награди** со кои на поединци или група творци или екипи им се оддава признание за особено значајни остварувања од интерес за Републиката во разни области.

Согласно Законот за државни награди ("Службен весник на РМ" 52/06...74/12; 99/18; 101/19), во Република Македонија се доделуваат следниве државни награди: ***("11 Октомври", "23 Октомври", "8 Септември", "Св.Климент Охридски", "Гоце Делчев", "Мито Хаџи Василев Јасмин" "Мајка Тереза" и Мето Јовановски).***

### *2.29. Парични надоместоци доделени на национален уметник, согласно со Законот за националниот уметник на Република Македонија*

Надоместоците исплатени преку буџетот на РМ се ослободени од данокот на личен доход, само за надоместокот согласно Законот за национален уметник на РМ.

Други надоместоци од областа на уметноста се оданочиви спрема видот на доходот кој се исплатува, иако се исплатуваат од Буџетот на РМ.

### *2.30. Паричен надоместок доделен на уметник и стручен соработник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од наградите за областа на културата и уметноста, согласно со Законот за културата*

Овој вид на надоместок е исто така специфичен и се исплатува по исполнувањето на критериумите при остварувањето на правото на пензија, согласно Законот за работните односи.

### *2.31. Финансиска помош на физички лица – резиденти на Република Македонија која се користи за лекување во земјата или во странство, согласно лекарска документација и документација за трошоците за лекување (фактура, односно профактура) издадена од страна на здравствената установа која го извршила ќе го изврши лекувањето, како и документирани или трошоци за превоз и сместување неопходни за лекување на лицето*

**Од 1 Јануари 2019 година** не се оданочува со данок на доход, финансиската помош на физичките лица резиденти на Република Македонија и тоа не само ако е добиена по извршеното лекување туку и врз основа на соодветна документација од здравстената установа **која ќе го изврши лекувањето, како и трошоците за превоз и сместување кои се неопходни за лекувањето на лицето**.

**НАПОМЕНА:** Износот на **неискористената финансиска помош** за лекување на физичките лица **ќе се оданочи** како друг доход **по единствена даночна стапка од 15%**.

***2.32. Исплатени донирани финансиски средства преку отворени специјални телефонски броеви за донации кои се користат за хуманитарни цели***

**Од 1 јануари 2019 година ново даночно ослободување за** донираните финансиски средства **преку** отворени **специјални телефонски броеви**, а кои ќе се користат за хуманитарни цели.

**НАПОМЕНА: Согласно член 71 став 2 од Законот, износот на неискористените донирани финансиски средства ќе се оданочуваат како друг доход, по единствена даночна стапка од 15%.**

***2.33. Надоместок на штета по основ на животно и неживотно осигурување***

Надоместокот на штета по основ на животно и неживотно осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување, **не се оданочува со данок на доход.**

***2.34. Уплатени премии за колективно осигурување за вработените лица кои ги плаќа работодавачот за повреди на работа и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност***

**Од 1 Јануари 2019 година ново даночно ослободување** од данок на доход **за уплатените премии за колективно осигурување** за вработените лица кои ги плаќа работодавачот за повреда на работа и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето.

### *2.35. Уплатена премија за животно осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во Република Македонија, објавени во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика*

**Од 1 Јануари 2019 година ново даночно ослободување** од данок на доход **за уплатената премија за животно осигурување** за една календарска година, за вработените и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, **најмногу во висина од две просечни месечни бруто плати** во Република Македонија објавени во јануари тековната година.

Согласно член 5 точка 19 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на РМ" 27/02...198/18; 101/19): **"Осигурувањето на живот** *(освен она наведено во точките 20 до 25 од член 5),* **опфаќа осигурување во случај на доживување, осигурување во случај на смрт, мешано осигурување на живот, рентно осигурување и осигурување на живот со поврат на премии"**.

По исклучок, друштвото за осигурување што врши работи на осигурување на групата за осигурување на живот може, како дополнително осигурување кон осигурувањето на живот, да врши работи на осигурување од последици на несреќен случај и здравствено осигурување кое не е покриено со доброволно здравствено осигурување.

***2.36. Уплатен придонес во доброволен пензиски фонд за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати Република Македонија, објавени во јануари во во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика***

**Од 1 Јануари 2019 година** не се оданочува со данок на доход уплатениот придонес во доброволен пензиски фонд за една календарска година, за вработените лица и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, **најмногу во висина до две просечни месечни бруто плати** во Република Македонија, објавени во јануари во тековната година.

***2.37. Камати на депозити во износ до 15.000 денари на годишно ниво***

Не се оданочуваат каматите на депозити во износ од 15.000 денари на годишно ниво. Меѓутоа, во член 116 од новиот Закон, каматите на депозити **независно дали се над 15.000 денари** на годишно ниво, **не се оданочуваат заклучно со 31 Декември 2019 година**.

***2.38. Камати по јавни заеми***

Јавните заеми организирани од страна на државните органи според кои се исплатени камати на физички лица, не предизвикуваат настанување на оданочива основица во делот од каматите како новосоздаден доход, така и во делот на основниот долг од заемот.

***2.39. Камати по обврзници издадени од Република Македонија и единиците на локалната самоуправа***

Истоветно како и за претходната точка, каматите по обврзници издадени од РМ и ЕЛС не се оданочуваат со данок на личен доход.

### *2.40. Надоместоци на трошоци за хотелско сместување, храна и превоз за лица кои не се вработени кај филмскиот продуцент, кои учествуваат при производство на филм наменет за јавно прикажување, во висина на стварните трошоци, утврдени врз основа на документ за направените трошоци*

Производството на филмови за разлика од делот кој се однесуваше за стопанските субјекти и во 2019 година го задржа правото на ослободување од данокот на личен доход.

### *2.41. Надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници на настани, организирани во рамки на активностите на организацијата основана согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдени врз основа на документи за направените трошоци*

Не се оданочуваат со данок на доход исплатените надоместоци на трошоците за сместување, исхрана и превоз на лица кои се учесници на настани кои **ги организираат здруженија на граѓани, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации** во Република Македонија кои се основани согласно Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ", 52/10...55/16).

### *2.42. Надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за членови на синдикатот за активности во рамки на синдикатот, како и примања на членови на синдикатот од средствата на синдикатот согласно Статут, програма и одлуки на органите на синдикатот, врз основа на документи за направените трошоци, освен исплатени надоместоци на членови на синдикатот по основ на повремено или привремено вршење услуги*

Сите надоместоци на членови на синдикатот за активности кои се во согласност со статутот, програмата и одлуките на синдикатот не се оданочуваат со данок на доход.

**НАПОМЕНА: Од 1 Јануари 2019 година во новиот Закон е дефинирано дека надоместоците на членовите на синдикатот по основ на повремено и привремено вршење услуги ќе се оданочуваат со данок на доход со прогресивна даночна стапка, во зависност од висината на надоместокот.**

### *2.43. Доход од продажба на собрани лековити билки и шумски плодови, остварен од физичко лице*

Доход што ќе го оствариo физичко лице при продажба на **шумски печурки, лековити билки - камилица, слез, мајчи на душица и.т.н. и други шумски плодови** (***но не и од производство на печурки, лековити билки и други шумски плодови на индустриски начин***), не се оданочуваат со данок на доход.

### *2.44. Надоместоци на патните трошоци за лица кои учествуваат во образовни активности и настани на образовни институции и организации реализирани во странство, утврдени врз основа на документи за направените трошоци*

Од 1 Јануари 2019 година, ново даночно ослободување за надоместоците на патните трошоци за лица кои учествуваат во образовни активностии настани на образовни институции и организации реализирани во странство, утврдени врз основа на документи за направените трошоци.

# *ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

*дипл. правник:* ***Христина Игнатоска***

## ИЗМЕНИ ВО ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

*Покрај измените кои се однесуваат на статусот невработено/вработено лице и правата и обврските кои произлегуваат од истиот, со измените се посветува поголемо внимание и на статусот на вработените, нивните звања и права и обврски.*

### *ВОВЕД*

Со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ” 37/97… 113/18), ***(во продолжение Законот),*** се уредуваат прашањата во врска со размената на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата, во врска со вработувањето и осигурување во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето.

Целта на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, е поддршка на реформата на системот на социјална заштита, како и уредување на статусот на вработените во Агенцијата за вработување на РМ, согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавен сектор.

Поради престанување на важење на Законот за персонален данок на доход, со истиот Закон се врши и терминолошко усогласување со Законот за данокот на личен доход.

## *1. ДОПОЛНУВАЊЕ ВО ДЕЛОТ СОВЕТУВАЊЕ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА СО ПОВОЛНИ УСЛОВИ*

Дополнување на членот 17 од Законот се однесува на советувањето на работодавачите за вработување на невработени лица со поволни услови, покрај тоа што веќе ја опфаќа и секоја друга група на население која што е во неповолна положба на пазарот на трудот, ***ги опфаќа и младите до 29 годишна возраст,*** имајќи предвид дека состојбите на пазарот на трудот се многу динамични.

Советувањето на работодавачите за вработување на невработените лица со поволни услови опфаќа:

- Услуги на работодавачот за можностите, условите и начинот на обезбедување на поволности за вработување на инвалидни лица, лица на кои работниот однос им престанал поради стечај или поради економски, технолошки, структурални или слични промени кај работодавачот, невработени лица кои подолго чекаат за вработување односно лица кои биле невработени 12 месеци од претходните 16 месеци или шест од претходните осум месеци за лицата помлади од 25 години и лица од дефицитарни занимања, со упатување од страна на Агенцијата во согласност со договор со работодавачот;
- Услуги на работодавачот во обезбедување на потребите од вработување со пребарување во евиденцијата на невработените инвалидни лица, на лица кои останале без работа поради стечај или економски, технолошки, структурални и слични промени кај работодавачот и невработени лица кои подолго време чекаат вработување со обука, преквалификација или доквалификација за вработување;
- Услуги на работодавачот за условите и начинот на обезбедување на поволностите при вработувањето на невработените лица;
- Организирање на средби и разговори од страна на Агенцијата со работодавачите и невработени лица (***саеми на работна сила***), за условите и
- Информирање на работодавачите и обезбедување услуги за вработување на работници со дефицитарни зани-

мања, со упатување на невработено лице од една во друга подрачна единица на Агенцијата, со организирање на обука на дополнителни или посебни знаења на одделни невработени лица или со обука, преквалификација или доквалификација на невработените лица.

## *2. ДОПОЛНУВАЊЕ ВО ДЕЛОТ УСЛУГИ ОД РАЗМЕНА НА ТРУДОТ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ И ДРУГИ ЛИЦА ШТО БАРААТ РАБОТА*

Дополнување на членот 19 од Законот се однесува на тоа што покрај услугите од размена на трудот на невработените и други лица што ***БАРААТ РАБОТА*** што ги дава Агенцијата, се предвидува Агенцијата за вработување да дава услуги од размената на трудот и на младите лица, кои за прв пат ќе се пријават како невработени лица, односно ***давање услуги и на млади лица до 29 години, кои прв пат се пријавуваат во Агенцијата како невработени лица.***

## *3. ЕВИДЕНЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА И ДРУГИ ЛИЦА КОИ БАРААТ РАБОТА*

Согласно член 53 од Законот, како невработено лице, е лице пријавено во Агенцијата, кое е невработено и активно бара работа, способно е да работи и е подготвено да прифати секакво соодветно или погодно вработување, што ќе го понуди Агенцијата.

Невработено лице е и странец кој поседува лична работна дозвола за странец до периодот на важноста на истата и странец кој врз основа на склучен меѓународен договор или според принципот на реципроцитет ги исполнува условите за добивање паричен надоместок во случај на невработеност, се додека е корисник на тој надоместок.

Невработено лице е и лице кое е на обука кај работодавач, на курс за образование или на друга обука и за тоа време користи право на паричен надоместок за подготовка за вработување, за времето на користење на паричниот надоместок.

Како *невработено лице*, во смисла на законот не се смета лице кое е:

- ✓ Во работен однос,
- ✓ Самовработено,
- ✓ Сопственик, основач или управител на трговско друштво и друго правно лице или е член на раководен орган, односно овластено лице во трговско друштво и друго правно лице, освен во здруженија и фондации,
- ✓ Вршител на земјоделска, сточарска или друга дејност,
- ✓ Вршител на занаетчиска, односно професионална дејност,
- ✓ Корисник на пензија,
- ✓ Кое има статус на ученик во средно училиште, редовен студент, стажант и лице кое учествува во образование за возрасни, а е помладо од 26 години,
- ✓ Кое два пати во текот на две години одбило обука, преквалификација или доквалификација на која ќе го упати Агенцијата,
- ✓ Кое два пати во текот на две години одбие да се јави или да заснова работен однос кај работодавач кај кого го упатила Агенцијата и
- ✓ Кое работно е ангажирано или врши дејност, спротивно на законот.

Условите невработеното лице е должно да ги исполнува за времето додека е во евиденцијата на невработените лица. Измената во членот 53 се однесува на тоа што се додава нов став 5 во кој се наведува дека по исклучок на став 4 алинеа 3, како невработено лице, *се смета лице кое е сопственик, основач или управител на трговско друштво и друго правно лице или е член на раководен орган, односно овластено лице во трговско друштво и друго правно лице, освен во здруженија и фондации, а кое е корисник на гаратирана минимална помош, согласно прописите од областа на социјалната заштита*".

### *3.1. Услови за соодветно вработување*

Измената во делот услови за соодветно вработување се однесува на измената на алинеа 2 од членот 57 и 58 став 1, а се однесува на тоа дека:

- На работно место што е оддалечено ***најмногу 50 километри*** од адресата на живеење на лицето до местото на работа, односно ***најмногу 30 километри*** за невработено лице што живее самостојно со дете на возраст ***помала од 15 години***, во рамките на заедничко домаќинство.

### *4. ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА, УПИС И БРИШЕЊЕ НА ЛИЦЕТО ОД ЕВИДЕНЦИЈАТА*

Согласно член 59 од Законот, невработеното лице и лицето кое бара работа лично или преку електронскиот систем на Агенцијата се пријавува во Агенцијата на чие подрачје има постојано место на живеење заради воведување во евиденцијата на невработените лица или во евиденцијата на други лица кои бараат работа, со изјава на лицето на посебен формулар во која евиденција сака да биде евидентирано, согласно со Законот и актот од членот 61 став 2 од Законот.

***Дополнувањето на членот 59 се однесува на дополна на нов став 2 по ставот 1, а се однесува на тоа дека „ По исклучок од став 1 на овој член, невработеното лице кое е и корисник на гарантирана минимална помош согласно прописите од областа на социјална заштита, кое бара работа лично или преку електронскиот систем на Агенцијата, се пријавува во Агенцијата на чие подрачје има престојувалиште, утврдено со решение од центарот за социјална работа".***

На одговорното лице во Агенцијата кое ќе овозможи пријавување на невработено лице и друго лице кое бара работа спротивно на претходното, ќе му се откаже договорот за вработување поради несовесно извршување на работните обврски и непридржување кон прописите што важат за вршење на работите на работното место.

Невработеното лице кое користи право на паричен надоместок е должно лично да се јавува во Агенцијата, на секои 30 дена и да докаже дека активно барало работа во последниот месец.

Правото на исплата на паричен надоместок по барање на невработеното лице може да мирува во случај кога:

- престојува надвор од Република Македонија повеќе од 30 дена заради семејно обединување, но не повеќе од 90 дена и
- престојува надвор од Република Македонија заради лекување или помош и нега на член од потесното семејство повеќе од 30 дена, но не повеќе од 90 дена.

### *4.1. Бришење на лицето од евиденција*

Дополнувањето во делот за начинот на водење на евиденцијата, упис и бришење на лицето од евиденција се однесува на дополнувањето само во делот на бришење на лицето од евиденцијата со додавање на нов член 59в по членот 59б.

**„Член 59-в**
**Лицето се брише од евиденцијата на невработени лица, доколку:**

- Веќе не е невработено, според одредбите од законот;
- Само се одјави од евиденцијата на невработени лица;
- Не се пријави во законски утврдениот рок или не се јави на покана на Агенцијата од неоправдани причини;
- Не ја извести Агенцијата за стекнувањето и губењето на правата по основ на осигурување во случај на невработеност;
- Два пати во текот на две години одбие да се вклучи во обука, преквалификација, доквалификација или субвенционирано вработување;
- Не ги исполни обврските од договорот за учество во програма за активна политика за вработување;
- Два пати во текот на две години одбие соодветно или погодно вработување или одбие да присуствува или не се јави на интервју за работа на кое е упатено од страна на Агенцијата;
- Не обезбедува точни податоци за потребите на водење на евиденција на невработените лица или за статус на учесник во програма за активна политика за вработување;
- Кај лицето се утврди постоење на причина поради која привремено не може да се вработи;

- Е во притвор во времетраење од повеќе од шест месеци или доколку започне да издржува казна затвор од шест месеци и повеќе;
- Од страна на инспекциски орган се затекне да работи, спротивно на закон;
- Не бара активно работа;
- Одбие да потпише индивидуален план за вработување согласно законот;
- Не ги почитува преземените обврски во индивидуалниот план за вработување;
- Исполни услови за пензија;
- На странец му истече важноста на личната работна дозвола;
- Одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи два пати во текот на две години;
- Замине на отслужување на доброволен воен рок;
- Е самовработено;
- Е сопственик, основач или управител на трговско друштво и друго правно лице или е член на раководен орган, односно овластено лице во трговско друштво и друго правно лице, освен во здруженија и фондации;
- Врши земјоделска, сточарска или друга дејност;
- Врши занаетчиска односно професионална дејност;
- Е корисник на пензија;
- Има статус на ученик во средно училиште, редовен студент, стажант и лице кое учествува во образование за возрасни, а е помладо од 26 години и
- Работно е ангажирано или врши дејност, спротивно на законот.

Учеството во програми за активна политика за вработување не е причина за бришење од евиденцијата на невработени лица, освен во случаи кога лицето зема учество во програма за активна политика за вработување која води до склучување на договор за вработување, со склучувањето на договорот за вработување.

Инспекцискиот орган е должен писмено да го извести центарот за социјална работа и Агенцијата за невработеното лице кое ќе се затекне да работи спротивно на закон.

***Лице кое е избришано од евиденцијата*** на невработените лица, поради основите од став 1 алинеи 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 11, 12, 13, 14 и 17 на член 59-в, ***може повторно да се пријави во евиденцијата, по истекот на една година од денот на бришењето од евиденцијата.***

### *4.2. Собирање на потребни податоциза остварување на надлежностите на Агенцијата за вработување*

Измената во делот за начинот на водење на евиденцијата, упис и бришење на лицето од евиденција се однесува на измената на членот 61-б со измената во ставот 2, која се однесува на тоа, дека:

***Агенцијата собира податоци потребни за остварување на своите надлежности, утврдени со закон, директно од лицето на кое се однесуваат податоците и од евиденциите кои се водат во следните органи: Управата за јавни приходи, Фондот за здравствено осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, центрите за социјална работа, Државниот инспекторат за труд, Централниот регистар, Врхов-ниот суд и од други органи и институции кои водат евиденции, утврдени или водени врз основа на закон, а кои се потребни за остварување на надлежностите на Агенцијата.***

### *4.3. Бришење од регистарот на невработени лица или од регистарот на лица кои учествуваат во програми за активна политика*

Измената во делот за начинот на водење на евиденцијата, упис и бришење на лицето од евиденција се однесува на измената на членот 61-ѓ, кој се однесува на Бришење од регистарот на невработени лица или од регистарот на лица кои учествуваат во програми за активна политика, со што:

**„Лицето се брише од регистарот на невработени лица или од регистарот на лица кои учествуваат во програми за активна политика за вработување, доколку:**

- веќе не е невработено, според одредбите на законот;
- само се одјави од евиденцијата на невработени лица;

- не се пријави во законски утврдениот рок или не се јави на покана на Агенцијата од неоправдани причини;
- не ја извести Агенцијата за стекнувањето и губењето на правата по основ осигурување во случај на невработеност;
- два пати во текот на две години одбие да се вклучи во обука, преквалификација, доквалификација или субвенционирано вработување;
- не ги исполни обврските од договорот за учество во програма за активна политика за вработување;
- два пати во текот на две години одбие соодветно или погодно вработување или одбие да присуствува или не се јави на интервју за работа на која е упатено од страна на Агенцијата;
- не обезбедува точни податоци за потребите на водење на евиденција на невработените лица или за статус на учесник во програма за активна политика за вработување;
- кај лицето се утврди постоење на причина поради која привремено не може да се вработи;
- е во притвор во времетраење од повеќе од шест месеци или доколку започне да издржува казна затвор од шест месеци и повеќе;
- од страна на инспекциски орган се затекне да работи, спротивно на закон,
- не бара активно работа;
- одбие да потпише индивидуален план за вработување, согласно законот;
- исполни услови за пензија;
- на странец му истече важноста на личната работна дозвола;
- одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи два пати во текот на две години;
- замине на отслужување на доброволен воен рок;
- е самовработено;
- е сопственик, основач или управител на трговско друштво и друго правно лице или е член на раководен орган, односно овластено лице во трговско друштво и друго правно лице, освен во здруженија и фондации;

- врши земјоделска, сточарска или друга дејност;
- врши занаетчиска односно професионална дејност;
- е корисник на пензија;
- има статус на ученик во средно училиште, редовен студент, стажант и лице кое учествува во образование за возрасни, а е помладо од 26 години и
- работно е ангажирано или врши дејност, спротивно на законот.”

## *5. ОРГАНИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА*

Измената во делот за организацијата, управувањето и раководење на агенцијата, се однесува на вработените во Агенцијата за вработување каде се предвидува дел од вработените во Агенцијата за вработување да имаат статус на даватели на јавни услуги и на нив ќе се применуваат одредбите од законот, законот за вработените од јавниот сектор и општите прописи од работните односи.

Измената во членот 87-а со додавање на нов став 3, се однесува на тоа дека ***„Вработените во Агенцијата кои вршат услуги од дејноста на трудот, односно кои вршат услуги на помош и поддршка на учесниците на пазарот на трудот, имаат статус на даватели на јавни услуги од дејноста на трудот (во натамошниот текст: даватели на јавни услуги) и за нив се применуваат одредбите од законот, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.”***

Измената во членот 87-б се однесува на тоа дека ***„Вработените во Агенцијата, согласно видот на работните задачи кои ги извршуваат, можат да бидат распоредени на работни места на: административни службеници, даватели на јавни услуги или помошно-технички лица.”***

Изменат во членот 87-в се однесува на тоа дека ***„Вработените во Агенцијата кои вршат работи од административна природа за спроведување на вработувањето и осигурување во случај на невработеност, имаат статус на административни службеници”.***

За вработените со статус на административни службеници, категориите, нивоата и звањата, се утврдуваат согласно Законот за административни службеници.

За прашањата кои се однесуваат на вработувањето, правата и должностите, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот, системот на плати, одговорноста, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во Агенцијата, се применуваат одредбите од Зако-нот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

Измената во членот 87 се однесува на тоа дека по членот 87-в се додаваат осум поднаслови и дваесет и три нови членови, во кои прецизно се утврдени групите, подгрупите, категориите и нивоата на работните места на вработените во Агенцијата кои се даватели на јавни услуги и помошно – техничките лица; вработувањето и унапредувањето, дисциплинската одговорност, материјалната одговорност, престанокот на работниот однос на давателите на јавни услуги; платите, додатоците на плата, вредноста на бодот и начинот на утврдување на вредноста на бодот за даватели на јавни услуги и помошно – техничките лица.

### *5.1. Даватели на јавни услуги*

Согласно одредбите од член 87-г вработените во Агенцијата кои се даватели на јавни услуги се групираат во група III, подгрупа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор.

За вработените кои се даватели на јавни услуги, се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:

а) ***Категорија А*** стручни службеници за подготовка за вработување (психологија, педагогија или социјална работа и социјална политика):

- Ниво А1 координатор на оддел;
- Ниво А2 виш стручен службеник за подготовка за вработување;
- Ниво А3 самостоен стручен службеник за подготовка за вработување ;
- Ниво А4 стручен службеник за подготовка за вработување и
- Ниво А5 (180/240 ЕКТС) –помлад стручен службеник за подготовка за вработување.

б) ***Категорија Б*** стручни службеници за посредување при вработување (организациски науки и управување (менаџмент), економски науки или правни науки):

- Ниво Б1 координатор на оддел;
- Ниво Б2 виш стручен службеник за посредување при вработување;
- Ниво Б3 самостоен стручен службеник за посредување при вработување;
- Ниво Б4 стручен службеник за посредување при вработување
- Ниво Б5 (180/240 ЕКТС) помлад стручен службеник за посредување при вработување.

Вработениот од категорија А и Б, треба да ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на РМ,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Вработениот од категорија А и Б треба да ги исполнува следниве посебни услови:

- за ниво А1 и Б1 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство во областа на трудот;
- за ниво А2 и Б2 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во областа на трудот;
- за ниво А3 и Б3 со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство во областа на трудот;
- за ниво А4 и Б4 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, и најмалку една година работно искуство во областа на трудот и
- за ниво А5 и Б5 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без или со работно искуство без работно искуство.

За сите нивоа од категоријата А и Б, посебни услови за работното место се и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни

места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Покрај општите услови за пополнување на работно место на даватели на јавни услуги, кандидатот треба да ги исполни и посебните услови, согласно со класификацијата на работните места .

Класификацијата на работните места по звање во рамките на исто ниво од категорија А и Б и посебните услови за секое работно место, ќе биде утврдена со актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места во Агенцијата.

За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, вработувањето, правата и должностите, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот, системот на плати, одговорноста, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и други прашања во врска со работниот однос на давателите на јавни услуги, во Агенцијата се применуваат од-редбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

## *6. ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ*

Во Законот се додадени неколку членови кои се однесуваат на вработување и унапредување на даватели на јавни услуги.

Согласно одредбите на член 87-д директорот на Агенцијата, подготвува годишен план за вработување во Агенцијата за наредната година, согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

Согласно одредбите на член 87-ѓ директорот на Агенцијата донесува одлука за потреба од вработување на даватели на јавни услуги, за пополнување на слободно работно место во Агенцијата.

Со одлуката се определува дали пополнувањето на слободното работно место во Агенцијата се врши преку вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, објавување на интерен оглас или мобилност преку распоредување или преземање, согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

По исклучок, во Агенцијата може да се пополни работно место преку склучување на договор за вработување на определено време, согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

Согласно одредбите на член 87-е во случај кога потребата од давател на јавни услуги се обезбедува со објавување на јавен оглас,  истиот треба да се објави во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кои зборуваат службен јазик различен од маке-донскиот јазик. За прашањата поврзани со објавување јавен оглас се применуваат општите прописи за работни односи.

Кога вработувањето на даватели на јавни услуги се врши по пат на јавен оглас, истиот треба да ги содржи условите што се бараат за вршење на работата, почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време, распоредот на работното време и паричниот износ на основната плата за работното место за кое се бара давател на јавни услуги и рокот за прија-вување, кој не смее да биде пократок од три работни дена.

Директорот на Агенцијата формира Комисија за селекција за вработување, која е составена од претседател и два члена од редот на вработените и нивни заменици, со исто или повисоко звање со давателот на јавни услуги за кое работно место е објавен јавниот оглас, а еден член на комисијата е лице вработено во организационата единица за управување со човечки ресурси.

Постапката по јавниот оглас се спроведува во две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција, Комисијата спроведува интервју.

По завршената административна селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување составува ранг листа која во рок од пет дена му ја доставува на директорот и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. При составувањето на ранг листата Комисијата за селекција за вработување ги применува одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, за вработувањата на кандидати со припадност на заедницата, согласно годишниот план на Агенцијата.

Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од осум дена по приемот на ранг листата од Комисијата за селекција за вработување, која се објавува на интернет страницата на Агенцијата. Против одлуката, незадоволните кандидати може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на интернет страната на Агенцијата.

По конечноста на одлуката за избор на кандидат, директорот склучува договор за вработување со избраниот кандидат.

Согласно одредбите на член 87-ж во случаи кога пополнувањето на слободно работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, истиот се објавува на огласната табла на Агенцијата. При постапката за унапредување се почитува начелото за правична застапеност. Постапката за унапредување може да започне, откако ќе се добие известување за обезбедени финасиски средства.

Интерниот оглас содржи податоци за работното место кое треба да се пополни и за потребните услови кои треба да ги исполни давателот на јавни услуги, согласно овој закон и актот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Агенцијата и рок за пријавување на интерниот оглас, кој не може да биде пократок од пет работни дена од денот на неговото објавување. На интерниот оглас може да се пријави давател на јавни услуги вработен во Агенцијата, кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани за сооодветното ниво во овој закон и во актот на систематизација, како и:

- да е оценет со оцена "4" или "5" при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година, пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси. Рокот за пријавување не може да биде пократок од пет, односно подолг од 10 дена, од денот на неговото објавување.

Директорот формира Комисија за селекција за унапредување, составена од три члена од кои еден давател на јавни услуги со исто или повисоко звање со давателот на јавни услуги, за кое работно место е објавен интерниот оглас, еден вработен во организационата единица за управување со човечки ресурси и раководителот на организационата единица, во која се пополнува работното место.

Постапката по интерниот оглас се спроведува во две фази: административна селецција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција, ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршувањето на административната селекција, комисијата спроведува интервју.

По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг листа и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. Во рок од три работни дена од добивање на предлогот, директорот е должен да донесе од-лука за избор. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата на Агенцијата.

Директорот може да донесе одлука за неврешење на избор и во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

Против одлуката за избор или неврешење на избор на давател на јавни услуги, незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавување на интернет страницата.

## *7. УПРАВУВАЊЕ СО ЕФЕКТОТ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ*

Покрај одредбите за вработувањето и унапредувањето на давателите на јавните услуги со ново предложените членови од 87-з до 87-ј, се уредува и управувањето со ефектот и оценувањето на давателите на јавни услуги.

Согласно одредбите од член 87-з вработените во Агенцијата кои се даватели на јавни услуги, имаат право на стручно усовршување, за што директорот донесува годишен план за обуки.

Согласно одредбите од член 87-ѕ Агенцијата воспоставува систем за управување со ефектот на давателите на јавни услуги.

Системот од ставот 1 на член 87-ѕ го сочинуваат: утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапка за оценување на ефекот на давателот на јавни услуги.

Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот, во соработка со давателот на јавни услуги во декември во тековната година за наредната година.

Во индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува потребата за стручно усовршување на давателот на јавни услуги, заради ефикасно извршување на утврдените работни цели и задачи и потребата од развој и унапредување на работните компетенции.

Индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува од страна на непосредно претпоставениот во соработка со давателот на јавни услуги.

Непосредно претпоставениот е должен континуирано да го следи ефектот на давателот на јавни услуги, во текот на целата година и по потреба да предлага мерки за подобрување на истиот.

Како дел од процесот на континуирано следење на ефектот на давателот на јавни услуги, најдоцна до 30 јуни во годината, се спроведува полугодишно интервју.

По спроведување на полугодишното интервју се пополнува извештајот за полугодишно интервју, кој го потпишуваат давателот на јавни услуги и неговиот непосредно претпоставен.

Копија од извештајот од ставот 3 на член 87-ѕ, му се доставува на давателот на јавни услуги.

Доколку во извештајот за полугодишното интервју, непосредно претпоставениот утврди дека давателот на јавни услуги не ги исполнил поставените цели односно покажува незадоволителни резултати за време на полугодишниот период, не покажува потребна стручност и компентентност, има значителни грешки во работата и постапувањето, работните задачи ги извршува ненавремено односно не покажува интерес за квалитетот на извршување на работните задачи, истиот ќе започне постапка за подобрување на ефектот.

Во постапката за подобрување на ефектот се предлагаат дополнителни обуки или менторство и се изрекува писмена опомена во која давателот на јавни услуги се предупредува на можноста да биде оценет со негативна оценка доколку и покрај укажувањата и предложените мерки, до истекот на годината за која се врши оценувањето, не го подобри својот ефект.

Согласно одредбите од член 87-и давателите на јавни услуги, задолжително се оценуваат еднаш годишно, и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година.

Оценувањето на давателот на јавни услуги го врши непосредно претпоставениот (во натамошниот текст: оценувачот).

Оценувачот со оценка “1”, “2”, “3”, “4” или “5” ја оценува работата на давателот на јавни услуги во однос на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на програмата за работа на установата, реализацијата на индивидуалниот план за стручно усовршување и однесувањето на давателот на јавни услуги, а го зема предвид и извештајот од полугодишното интервју.

Годишната оценка на давателот на јавни услуги се добива врз основа на оценката на оценувачот која учествува со 60%, како и од просечната оценка од двајца други даватели на јавни услуги во Агенцијата со кои оценуваниот имал непосред-на соработка (во натамошниот текст: другите оценувачи), која учествува со 40%.

Другите оценувачи ги бира давателот на јавни услуги во договор со неговиот оценувач и истите со оценки “1”, “2”, “3”, “4” или “5” ги оценуваат општите работни компетенции на давателот на јавни услуги и предлагаат начини на подобрување на работата на давателот на јавни услуги.

За спроведување на оценувањето од страна на други оценувачи, директорот на Агенцијата, најдоцна до 1 октомври е должен да донесе решение во кое ќе го назначи времето и местото на спроведување на оценувањето и ќе формира комисија за спроведување на оценувањето.

Оценувачите се должни на пропишан образец да ги оценат давателите на јавни услуги и да ги достават обрасците за оценување до Комисијата во утврденото време и место за спроведување на оценувањето.

Формата и содржината на образецот ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

По завршувањето на оценувањето, копија од образецот за оценување се доставува и до давателот на јавни услуги.

Годишната оценка на давателот на јавни услуги може да биде:

- „**особено се истакнува**”, доколку има вредност од 4,51 до 5,00,
- „**се истакнува**”, доколку има вредност од 3,51 до 4,50,
- „**задоволува**”, доколку има вредност од 2,51 до 3,50,
- „**делумно задоволува**”, доколку има вредност од 1,51 до 2,50 и
- „**не задоволува**”, доколку има вредност од 1,00 до 1,50.

Против оценката на ефектот, незадоволниот давател на јавни услуги има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена по приемот на копијата на образецот за оценување.

Согласно одредбите од член 87-ј давател на јавни услуги, кој во текот на годината за која се врши оценувањето, бил отсутен од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и друго), како и давателот на јавни услуги кој за првпат се вработил во Агенцијата и работел пократко од шест месеци, во периодот за кој се врши оценувањето, нема да биде оценуван.

Оценувањето на давателот на јавни услуги, кој во текот на годината за која се врши оценувањето, преку постапка на мобилност е распореден, односно преземен на друго работно место, го врши новиот оценувач, врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

Доколку оценувачот во текот на годината за која се врши оценувањето, го промени работното место или му престане работниот однос, оценувањето на давателот на јавни услуги со кои раководел, го врши новиот оценувач, врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

## *8. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ*

Согласно одредбите од член 87-к вработените во Агенцијата кои се даватели на јавни услуги, лично се одговорни за вршењето на работите и работните задачи, од работното место.

За повреда на службената должност, давателот на јавни услуги одговара дисциплински, за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

Дисциплинска неуредност, претставува полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи или угледот на Агенцијата, и тоа:

- непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време,
- неуредно чување на службените списи и податоците,
- недоаѓање на работа два работни дена во текот на една календарска година, без оправдување,
- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работата и работните задачи, со полесни последици од повредата,
- непристојно однесување на давателот на јавни услуги при вршење на работа и работните задачи со полесни последици од повредата,
- недомаќинско користење и употреба на доверените финансиски средства и средствата за работа,
- неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот, односно на директорот за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од три часа и

- одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое давателот на јавни услуги се упатува.

Согласно одредбите од член 87-л дисциплински престап претставува потешка повреда на службена должност, работната дисциплина, угледот на Агенцијата или угледот на давателот на јавни услуги, и тоа:

- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи, со потешки последици од повредата,
- непристојно однесување на давателот на јавни услуги при вршење на работа и работни задачи со потешки последици од повредата,
- искажување и застапување на политичко уверување во вршењето на работните задачи, учество во изборни активности или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време, доведување во прашање на својот статус на вработен во Агенцијата како давател на јавни услуги со вршење на партиски активности, носење или истакнување на партиски симболи во работната просторија, одбивање на давање или давање на неточни податоци на институциите, односно на граѓаните и правните лица, доколку давањето на податоците е утврдено со закон,
- незаконито располагање со материјалните и финансиските средства,
- одбивање на вршење на работни задачи поврзани со работно место на кое е распореден,
- одбивање на писмена наредба за извршување на работни задачи поврзани со работата на Агенцијата издадени од непосредно претпоставениот односно директорот,
- непреземање или нецелосно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети во работа,
- предизвикување на материјална штета со намера или крајно невнимание,
- повторување на дисциплинската неуредност повеќе од два пати во тековната година,
- примање на подароци или друг вид на корист,
- злоупотреба на боледување,

- злоупотреба на доверливи податоци,
- злоупотреба на лични податоци,
- злоупотреба на доверените овластувања во вршењето на работните задачи,
- внесување и употреба, како и работење под дејство на алкохол или наркотични средства,
- непридружување кон прописите за заштита од болест, безбедност и здравје при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и на прописите за заштита на животна средина,
- поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на давател на јавни услуги,
- навредливо или насилничко однесување на работното место,
- оддавање на класифицирана информација со степен на тајност, утврдена со закон и
- непостапување по обврската за оценување на давателот на јавни услуги
- Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на давателот на јавни услуги.

Согласно одредбите од член 87-љ со одлука за утврдена дисциплинска неуредност на давателот на јавни услуги може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

- писмена опомена и
- парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето плата на давателот на јавни услуги, исплатена во последниот месец пред дисциплинската неуредност во траење од еден до три месеци.

Со одлука за утврден дисциплински престап, на давателот на јавни услуги, може да му се изрече една од следниве дисцилински мерки:

- парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето плата на давателот на јавни услуги, исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап, во траење од еден до шест месеци и

- престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за Агенцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за давателот на јавни услуги кој го сторил престапот.

Збирот на паричните казни изречени на давателот на јавни услуги во еден месец за дисциплиска неуредност и дисциплински престап не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна нето плата за тој месец.

Согласно одредбите од член 87-м секој вработен во Агенцијата и друго лице, согласно закон има право да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против давател на јавни услуги, во Агенцијата, која треба да биде образложена.

Предлог за поведување на дисциплинска постапка против давателот на јавни услуги поднесува непосредно претпоставениот.

Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, по правило ги содржи, следниве елементи:

- лично име на давателот на јавни услуги за кого се поднесува предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност,
- работно место на кое е распореден давателот на јавни услуги за кого се поднесува предлогот,
- опис на дејствието/јата со кое/и е извршено кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски,
- време, начин и место на вршење на дејствието со кое е извршено кршењето на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски и
- наведување на доказ/и од кои се потврдува таквото однесување, односно доказ што е во прилог на фактот дека е извршено дејствие (службена белешка, писмен извештај, информација, пријави, изјави од сведоци).

Согласно одредбите од член 87-н директорот на Агенцијата формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап, во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

Комисијата е составена од три члена и нивни заменици вработени во Агенцијата кои не можат да бидат со пониско звање од давателот на јавни услуги против кого се води дисциплинската постапка.

Ако Комисијата утврди дека давателот на јавни услуги не е одговорен, му предлага на директорот да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката.

Ако Комисијата утврди дека давателот на јавни услуги е одговорен, му предлага на директорот изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап.

Директорот на Агенцијата, врз основа на предлогот на Комисијата, во рок од пет дена донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап.

Согласно одредбите од член 87-њ дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност на давателот на јавни услуги изрекува директорот на Агенцијата, во рок од осум дена од денот на добиениот писмен извештај од непосредно претпставениот.

Пред изрекување на дисциплинската мерка давателот на јавни услуги се известува писмено за наводите на извештајот, што постојат против него и истиот има право да даде писмен одговор на извештајот, во рок од три дена.

Против одлуката за изрекување на дисциплинска мерка, незадоволниот давател на јавни услуги има право во рок од осум дена, да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, во втор степен.

## *9. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ*

Согласно одредбите од член 87-о давателот на јавни услуги во Агенцијата е одговорен за штетата која на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата формира Комисија за утврдување на материјалната одговорност на давателот на јавни услуги.

Комисијата е составена од три члена и нивни заменици вработени во Агенцијата кои не можат да бидат со пониско звање од давателот на јавни услуги против кого се води дисциплинската постапка.

Комисијата ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

Комисијата за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој директорот на Агенцијата донесува решение за надоместок на штета.

Против решението, давателот на јавни услуги во Агенцијата има право да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истото.

Постапката за утврдување на материјална одговорност, не може да се поведе, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.

## *10. ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС*

Согласно одредбите од член 87-п на давателот на јавни услуги му престанува работниот однос:

- по негово барање
- со спогодба,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

На давателот на јавни услуги му престанува работниот однос во Агенцијата, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

Во случај на престанок на работниот однос по барање на давателот на јавни услуги, отказниот рок трае 30 дена, од денот на поднесувањето на барањето.

На давателот на услуги му престанува работниот однос, по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,

- му престане државјанството на Република Северна Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Северна Македонија,
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност со денот на правосилноста на пресудата,
- му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,
- во рок од три дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство,
- органот на државната управа надлежен за инспекциски надзор во рок од една година утврди дека давателот на јавни услуги е вработен спротивно на одредбите од овој закон и други услови согласно закон.

На давателот на јавни услуги му престанува работниот однос доколку биде оценет со оцена „не задоволува" два пати последователно или најмалку три пати во последните пет години.

Согласно одредбите од член 87-р решението за престанок на работен однос на давателот на јавни услуги го донесува директорот.

Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на давателот на јавни услуги во работните простории на Агенцијата, односно на адреса на неговото живеалиште.

Ако давателот на јавни услуги не може да се пронајде на адресата на живеалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла на Агенцијата и по изминувањето на осум дена се смета дека решението е врачено.

Против решението давателот на јавни услуги има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

***11. ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ЛИЦА***

Согласно одредбите од член 87-с вработените во Агенцијата, кои вршат помошно - технички работи, имаат статус на помошно - технички лица од Групата IV и за нив се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа:

- подгрупа 1 категорија А;
- подгрупа 2 категорија А;
- подгрупа 3 категорија А;
- подгрупа 4 категорија А;
- подгрупа 5 категорија А.

За секоја категорија во подгрупите 1, 2, 3, 4 и 5, се утврдуваат три нивоа, и тоа:

А01 - помошно - технички лица од прво ниво, со најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,

А02- помошно - технички лица од второ ниво, со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или триго-дишно средно образование и

А03- помошно - технички лица од трето ниво со најмалку ниво на квалификации I или основно образование.

За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување и други прашања во врска со работниот однос на помошно – техничките лица вработени во Агенцијата, се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

Класификацијата на видовите на работните места, општите и посебните услови за секое работно место, ќе биде утврдена со актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места во Агенцијата.

## *12. ПЛАТА И НАДОМЕСОЦИ НА ПЛАТА ЗА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА*

Согласно одредбите од член 87-т давателите на јавни услуги и помошно - техничките лица во Агенцијата имаат право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со законот.

Согласно одредбите од член 87-ќ платата на давателите на јавни услуги и помошно - техничките лица, се состои од следниве компоненти:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

*Основната компонента на плата ја сочинуваат:*

- дел на плата за степен на образование;
- дел на плата за ниво; и
- дел на плата за работен стаж.

Делот на плата за степенот на образование, кое се бара како минимум за работното место, се вреднува на следниот начин:

| **НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ** | **БОДОВИ** |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI A, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 200 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 175 |
| Ниво на квалификации V A, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 150 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 100 |

| | |
|---|---|
| Ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или тригодишно средно стручно образование | 90 |
| Ниво на квалификации II, 60 до 120 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или стручно оспособување во траење до две години | 80 |
| Ниво на квалификации I, завршено основно образование | 70 |

Делот на плата за нивото на кое вработениот е распореден се вреднува на следниот начин:

| **НИВО** | **БОДОВИ** |
|---|---|
| **ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ** | |
| | |
| **категорија А** | |
| А1 – координатор на оддел | 346 |
| А2- виш стручен службеник за подготовка за вработување | 281 |
| А3 – самостоен стручен службеник за подготовка за вработување | 246 |
| А4 - стручен службеник за подготовка за вработување | 231 |
| А5 - помлад стручен службеник за подготовка за вработување | 201 |
| Категорија Б | |
| Б1 координатор на оддел | 346 |
| Б2 – виш стручен службеник за посредување при вработување | 281 |

| | |
|---|---|
| Б3 – самостоен стручен службеник за посредување при вработување | 246 |
| Б4 – стручен службеник за посредување при вработување | 231 |
| Б5 – помлад стручен службеник за посредување при вработување | 201 |
| **ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА** | |
| категорија А ниво А1 | 196 |
| категорија А ниво А2 | 181 |
| категорија А ниво А3 | 166 |

Делот на плата за работниот стаж на давателите на јавни услуги и на помошно – техничките лица се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Согласно одредбите од член 87-у вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Северна Македонија која на предлог на директорот на Агенцијата се донесува во рок од 10 дена од денот на донесувањето на буџетот на Агенцијата, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на вработени во Агенцијата, распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

Согласно одредбите од член 87-ф исклучителната компонента ја сочинуваат: додатокот на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

Давателите на јавни услуги и помошно-техничките лица во Агенцијата имаат право на додаток на плата за:

- ноќна работа;
- работа во смени;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон; и
- работа подолго од полното работно време.

Работните места од став 1 алинеја 1 и 2 на овој член, треба да бидат предвидени во актот за систематизација на работните места.

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата по час.

Додатокот на плата за работа во смени по час се вреднува во износ од 5% од износот на основната плата, пресметана по час.

Давателот на јавни услуги и помошно-техничкото лице кое било ангажирано да работи согласно условите во став 1 алинеи 3, 4 и 5, има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажирано за работата надвор од редовното работно време.

Слободните часови, односно денови, од тековниот месец, давателот на јавни услуги односно помошно – техничкото лице ги користи до крајот на наредениот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

Доколку на давателот на јавни услуги односно помошно-техничките лица не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови согласно став 6 на член 87-ф, му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час.

Додатоците на плата, меѓусебно не се исклучуваат.

Евидентирањето на работните часови поминати на работа под услови утврдени во став 1 на член 87-ф, се врши согласно закон.

# СМЕТКОВОДСТВО

***Редакциски Текст***

# РАБОТНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2019 ГОДИНА

*Неопходни податоци за изработка на финансиски извештаи за период од 01.01 до 30.06.2019 година.*

## ВОВЕД

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 19/04; .... 6/16; 30/16; 61/16; 120/18), секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување.

Другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди.

Одредбите на овој закон во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи соодветно се применуваат и на правните лица со седиште во Република Македонија што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со овој закон и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

***Годишната сметка вклучува Биланс на состојба и Биланс на успех и објаснувачки белешки.***

**Финансиските извештаи вклучуваат:**

- ***Извештај за финасиска состојба – (Биланс на состојба);***
- ***Извештај за сефкупна добивка – (Биланс на успех);***
- ***Извештај за промените во главнината;***
- ***Извештај за паричните текови;***
- ***Применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финасиско известување.***

Трговецот покрај тоа што составува годишна сметка за една календарска година, составува годишна сметка и финансиски извештај **и во покус период од наведениот, во случај на статусни промени (*присоединување, спојување, поделба*), ликвидација, стечај и во други случаи определени со закон.**

За таа цел при изработка на годишната сметка **за година или за пократок период**, деловните субјекти користат одени работни податоци, кои претставуваат одредени мерила и критериуми за утврдување на износот на средствата и изворите на средства, како и на износите на приходите и расходите.

**Во продолжение се презентирани сите неопходни податоци и информации за работењето во сметководството и изготвувањето на финансиските извештаи.**

**1. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2019 ГОДИНА ИЗНЕСУВА:**

**36.017,00 денари.**

**2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ ЗА 2018 ГОДИНА ИЗНЕСУВА:**

**18.009,00 денари (50 % од 36.017,00)**

**3.НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ ЗА 2019 ГОДИНА ИЗНЕСУВА:**

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08… 190/16; 35/18), највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од ра-ботен однос е износот **од ШЕСНАЕСЕТ просечни плати,** кој износ за 2019 година, изнесува:

**576.272,00 денари (16 x 36.017,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на Управен одбор во трговско друштво, односно Управител во трговско друштво, е износот од **ШЕСНАЕСЕТ просечни плати**.

**576.272,00 денари (16 x 36.017,00 денари).**

***3.1. Највисока основица за трговец поединец***

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од **ДВАНАЕСЕТ просечни плати.**

**432.204,00 денари (12 x 36.017,00 денари).**

### *3.2. Највисока основица за корисник на паричен надоместок за време на невработеност*

**Највисока месечна основица за пресметување и уплата** на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност **изнесува: 80% од просечната плата** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**28.8014,00 денари (36.017,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, **која за 2019 година изнесува: 36.017,00 денари.**

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, а се пресметува Данок на доход.**

### 4. ДАНОЧНО НАМАЛУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА

**8.000,00 денари.**

### 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА за 2019 година

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17), висината на минималната плата во РМ за 2019 година, **изнесува:**

**- 12.507,00 денари НЕТО износ;**

**- 17.943,00 денари БРУТО износ.**

# 6. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| ***ВО МЕСЕЦОТ*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Период*** | ***Просечна исплатена месечна нето плата*** | ***Соопштение на ДЗС*** | |
| | | ***Број*** | ***Дата*** |
| **НОЕМВРИ 2018** | 24.548,00 | 4.1.19.08 | 22.01.2019 |
| **ДЕКЕМВРИ 2018** | 25.784,00 | 4.1.19.17 | 20.02.2019 |
| **ЈАНУАРИ 2019** | 24.517,00 | 4.1.19.27 | 20.03.2019 |
| **ФЕВРУАРИ 2019** | 24.192,00 | 4.1.19.38 | 19.04.2019 |
| **МАРТ 2019** | 24.590,00 | 4.1.19.47 | 21.05.2019 |
| **АПРИЛ 2019** | 24.785,00 | 4.1.19.57 | 21.06.2019 |

## 6.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ (“Службен весник на РМ” (70/94...170/13; 139/14, 147/15), работодавачот може да врши исплата на следните надоместоци:

- **Испратнината при одење во пензија** се исплатува во висина најмногу до двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во РМ.

- **Регрес за годишен одмор** се исплатува во висина најмногу до 60% од просечната месечна нето плата по работник во РМ.

- **Јубилејна награда** се исплатува во висина од просечната месечна нето плата по работник во РМ ***(јубилејните награди се оданочуваат со 10 % ).***

**Табеларен преглед на надоместоците**

| *ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДРУШТВА* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Период* | *Испрат-ница при одење во пензија* | *Регрес за годишен одмор* | *Јубилејна награда* | *Соопштен ие на ДЗС* | *Дата* |
| **НОЕМВРИ 2018** | 49.096 | 14.729 | 24.548,00 | 4.1.19.08 | 22.01.2019 |
| **ДЕКЕМВРИ 2018** | 51.568 | 15.470 | 25.784,00 | 4.1.19.17 | 20.02.2019 |
| **ЈАНУАРИ 2019** | 49.034 | 14.710 | 24.517,00 | 4.1.19.27 | 20.03.2019 |
| **ФЕВРУАРИ 2019** | 48.384 | 14.515 | 24.192,00 | 4.1.19.38 | 19.04.2019 |
| **МАРТ 2019** | 49.180 | 14.754 | 24.590,00 | 4.1.19.47 | 21.05.2019 |
| **АПРИЛ 2019** | 49.570 | 14.871 | 24.785,00 | 4.1.19.57 | 21.06.2019 |

## 7. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ПО РАБОТНИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ТРИ МЕСЕЦИ

| *ЗА ПРЕТХОДНИ ТРИ МЕСЕЦИ* | | | |
|---|---|---|---|
| *Период* | *Просечна исплатена месечна нето плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
| | | *Број* | *Дата* |
| **Септември/Окт/Ноември 2018** | 24.572 | 4.1.19.08 | 22.01.2019 |
| **Октомври/Ное./Декем.20018** | 25.048 | 4.1.19.17 | 20.02.2019 |
| **Ноември/Дек/Јануари 18/19** | 24.938 | 4.1.19.27 | 20.03.2019 |
| **Декември/Јан/Февруари 18/19** | 24.808 | 4.1.19.38 | 19.04.2019 |
| **Јануар/Февруар/Март 2019** | 24.433 | 4.1.19.47 | 21.05.2019 |
| **Февруар/Март/Април 2019** | 24.522 | 4.1.19.57 | 21.06.2019 |

### 7.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата

Согласно член 35 од Општиот колективен догвор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12;189/13; (115/14 п.т.); 119/15; 150/16, работникот **има право на надомест на трошоците поврзани со работата**, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

- **Дневници за службени патувања во земјата** во висина од 8% од основицата;
- **Дневници за службени патувања во странство**, согласно колективен договор на ниво на работодавач, но не помалку од Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци („Службен весник на РМ" 50/00; 64/01; 110/08; 82/10; 12/12; 5/13; 1/14; 90/14);
- **Теренски додаток** во зависност од обезбедените усло-ви за работа на терен (***сместување, исхрана и слично)***, во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач;
- **Надомест за одвоен живот од семејството,** во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач, ***но не помалку од 60%*** од основицата, надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште;
- **Надомест на трошоците за користење на сопствен автомобил за потреби на работодавачот во висина од 30%** од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој поминат километар;
- **Надомест на трошоците при селидба** за потребите на работодавачот, во висина на стварните трошоци;
- **Регрес за годишен одморво висина од најмалку 40%** од основицата, под услов работникот да работел нај-малку 6 месеци во календарската година кај ист рабо-тодавач.

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со колективен договор за приватен сектор од стопанството.

**Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината**.

Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата.

**Кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето,** ценејќи ја економско–финансиската состојба на работодавачот, по задолжителна претходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со овој колективен договор.

Кај работодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

- **Во случај на смрт на работник** на неговото семејство се исплатува надоместок во висина од три основици;
- **Во случај на смрт на сопруг, сопруга, деца и родители кои живеат во иста семејна заедница**, на работникот му се исплатува надоместок во висина од две (2) основици;
- **За јубилејна награда** во висина на основицата – за најмалку 10 години работа кај ист работодавач;
- **При заминување во пензија** најмалку двократен износ од основицата.

**НАПОМЕНА: Основицата за пресметување на надоместоците на работниците преставува Просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.**

***ЗА ПРИВАТНИ ДРУШТВА***

| *Период* | *Дневница* | *Регрес за годишен одмор* (Најнизок износ) | *Регрес за годишен одмор* (Највисок износ) | *Даночно признат расход во Даночен биланс* | *Јубилејни награди* |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 1.966 | 9.829 | 24.572 | 14.407 | 24.572 |
| **ФЕВРУАРИ** | 2.004 | 10.019 | 25.048 | 15.082 | 25.048 |
| **МАРТ** | 1.995 | 9.975 | 24.938 | 14.554 | 24.938 |
| **АПРИЛ** | 1.985 | 9.923 | 24.808 | 14.360 | 24.808 |
| **МАЈ** | 1.955 | 9.773 | 24.433 | 14.660 | 24.433 |
| **ЈУНИ** | 1.962 | 9.809 | 24.522 | 14.713 | 24.522 |

| *Период* | *Испратнина при одење во пензија* | *Смрт на работник* | *Смрт на член на семејство* | *Организ ирана храна* |
|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 49.144 | 73.716 | 49.144 | 4.855,00 |
